Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници на Македонија

# ССНМ ФОКУС
# јули 2012

ГОДИНА II БРОЈ 7 ЈУЛИ 2012 ГОДИНА

ВО ОВОЈ БРОЈ ЌЕ ЧИТАТЕ

Случај НИП Нова Македонија I и 3

(НЕ) ПРОВЕРЕНО 2

Годишно собрание на ЕФН во Бергамо 4

Бесплатна правна помош 4

## Една година по протестите во Скопје
# СОСТОЈБАТА ВО МЕДИУМИТЕ Е КАТАСТОФАЛНА

Една година по протестите во Скопје иницирани поради лошите услови во кои работиме, ситуацијата е уште поалармантна, беше кажано на прес- конференцијата одржана во просториите на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници на Македонија (ССНМ) на 4 јули 2012 година.



Драган Антоновски, Тамара Чаусидис и Звездан Георгиевски

„Состојбата во медиумскиот бизнис е катастрофална, а сопствениците прво што кратат се работните места“.

На конферницијата пред новинарите беше нагласено дека колегите секојдневно се соочуваат со нови отпуштања, принудни "спогодбени откази" намалување на платите па и неисплатени плати.

ССНМ поттикнат од искуствата и од информациите што ги добиваме од колегите јавно потсети на законските права на работниците.

Годишните одмори се уставно загарантирано право и ниту еден работодавач не смее тој факт да го игнорира. Со години работевме со само десетина календарски денови одмор, одмори во кои ни се пресметуваа и празниците и неработните денови, со никогаш искористени слободни денови што по закон ни следуваат, изјави претседателката на Тамара Чаусидис. Повеќе информации и видео запис ТУКА

"

Не смееме да дозволиме да победи негативната селекција, да опстанат и останат само послушниците, скршените 'рбети и полтроните - суштината на нашата професија е да бидеме гласни и да не се плашиме.
Да не го жртвуваме професионалниот интегритет за социјална сигурност затоа што на крај ги губиме и двете.

## Случај: НИП „Нова Македонија “



Иако поминаа речиси десет години (2003) откога беше започната стечајната постапка во најголемата македонска новинска издавачка куќа НИП „Нова Македонија“ и пет години (2007) од официјалното завршување на стечајот и ликвидирањето на фирмата се чини дека контроверзиите околу начинот на водењето на стечајот, особено во вид на наплаќање на долговите што Куќата ги имаше направено кон вработените, траат до денешен ден. Потврда за се уште присутните дилеми околу стечајот е и прашањето на група некогашни вработени во НИП-от упатено до ССНМ... **продолжува на стр 3**

ССНМ Заедно сме посилни
Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници Членка на IFJ

лоша практика

# Одморот однапред се одработува



Практиката која се спроведува во речиси сите медиумски куќи во периодот на годишни одмори е, многу често, надвор од законските регулативи. Во контакт со колеги од повеќе редакции слушнавме за многу примери кои да потсетиме се косат со Законот за работни односи. Според укажувањата и јавувањата на наши членови, годишниот одмор не се користи целосно, а често однапред се одработува затоа што работавачите бројот на вработените го држат на минимум.

- Ние сме двајца колеги, работиме во смени..кога јас одам на одмор мојот колега работи дупло, потоа јас се враќам и работам дупло за тој да може да оди на одмор. Каков е тоа годишен одмор кој цел го одработуваш? Газдата штеди, не сака да вработи трет човек и затоа ние практично работиме без годишен одмор"- коментира наш колега ССНМ.

Вакви примери има најмногу во локалните медиуми, каде работат помалку луѓе, но не само таму. Воедно има случаи на директна дискриминација. Па така, во одлучувањето кој и како користи годишен одмор во ист медиум, има различен аршин. Еве еден таков пример.

- Кај нас во телевизијата законот за годишни одмори важи само за администрацијата и за новинарите, за другите важи правилото 21 календарски ден, и тоа мора цел да го земеш, така решил продуцентот и менаџерите. И не може поинаку"- ни кажа еден колега кој побара да остане анонимен.

Дека на газдите и директорите или не знаат или се прават недоветни кога треба да определат колку денови треба еден вработен да користи, но и дека самите го плаќаме данокот на сопствената неформираност сведочи коменатрот на една наша постара колешка.

- Имам 20 години стаж и никогаш, ама никогаш не сум зела цел годишен одмор колку ми следува по закон.Всушност, јас сум изненадена од тоа колку слободни денови ми следуваат, вели таа.

Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) во јули преку соопштение до јавноста и на веб страницата потсети на правата и обврските кои произлегуваат од Законот за работни односи и се однесуваат на користењето на годишен одмор. Повеќе за вашето право на годишен одмор може да прочитате ТУКА

### Сопруги, секретарки, презентерки...

Освен што новинарите се пријавуваат како чевларски или текстилни работници, постои и обратен процес,вработените во чевларската индустрија да работат како новинари и презентери. Значи, во една од локалните телевизии чии капитал е врзан за приватна фабрика за чевли, освен што новинарите се пријавени како вработени во фабриката, како што дознаваме секретарката на директорот на фабриката, која воедно му е и сопруга на сопственикот на телевизијата, претпладне работи како секретарка, а попладне доаѓа во Телевизијата и – презентира вести!

### Снеубавен ден

Констатацијата дека е нешто гнило во македонските медиуми веќе подолго време е флоскула, а малкумина очекуваа дека и на еден од најмладите македонски весници толку бргу ќе му се стемни денот.

Иако постои само неколку месеци, веќе на вработените, кои во најголем број работеа врз база на договор на дело, договорите им истекнаа. Дури и да го занемариме фактот дека станува збор за безобразно краткорочни договори, она што повеќе загрижува дека и тие и такви договори воопшто не се продолжени. Вработените, би рекле по инерција, продолжуваат со исполнувањето на своите работни должности, но без никаков статус и во очекување како ќе се одвива натаму нивната судбина и судбината на весникот каде што го вградуваат својот професионален труд

# (НЕ)ПРОВЕРЕНО




Новата рубрика на веб-страницата на ССНМ *„(НЕ)ПРОВЕРЕНО“* е резултат на катастрофалната состојба во нашата професија. Драстичното кршење на работничките права во медиумската индустрија, вклучувајќи ги тука и понижувачки ниските хонорари, (не) потпишувањето на договори, па и отпуштања од работа, е наше секојдневие. Но, без оглед што станува збор за медиумски работници, овие проблеми не добиваат публицитет, најчесто поради страв од посериозни последици.

*„(НЕПРОВЕРЕНО“* се состои од вести, информации, белешки.. кои во принцип се точни, но не ја поминале класичната новинарска проверка затоа што најчесто „втората страна“, а тоа се сопствениците, директорите и менаџментот, не само што не сакаат самите да зборуваат туку им забрануваат на оние чии што права секојдневно ги кршат воопшто да се пожалат некому. За тие "општопознати" работи кои речиси никогаш не излегуваат во јавноста, преку овaа рубрика јавно говориме ,затоа што со молчењето неправдата станува поголема. Анонимноста е загарантирана за изворите, а со дискретна асоцијација, но без именување се штитиме од корпорациски реакции.

### Игри со придонесите

Во едно радио со седиште во Источна Македонија, а со национална концесија, на вработените не им е евидентиран стажот цели осум години. Објаснувањето на сопственикот е дека наводно поранешниот книговодител не ги пополнил обрасците М4, во кои порано се впишуваше стажот за пензиско осигурување. Без оглед на тоа, според нашите (не)проверени информации, дел од вработените од Радиото се пријавени преку фирмата за маркетинг (во сопственост на сопругата на сопственикот на Радиото), за да се плаќаат пониски давачки. Во ова најстаро постоечко приватно радио, за целото негово постоење, ниту еден новинар не бил пријавен со високо образование, иако биле примани исклучиво дипломирани новинари. Но, и тоа не било доволно, па за вработените, пред да се префрлат во фирмата за маркетинг, биле плаќани најниските стапки – во гранката спорт и култура! Се разбира, сите биле пријавени на најскиот можен личен доход, што го примале на сметка, а остатокот, како и во многу други случаи, го примале – на рака.

# НИП „Нова Македонија“



Зградата во која беше сместен новинскиот гигант НИП "Нова Македонија "

**продолжува од стр 1....**

прашање кое се однесува токму на можноста вработените да си ги наплатат никогаш неисплатените плати. Имено, некогашните стечајни работници на НИП „Нова Македонија“ беа признаени од Стечајниот суд како едни од најголемите доверители, но успеаја да наплатат само околу една третина од долгот што НИП-от го имаше кон нив.

Правниот тим на ССНМ го испита случајот, ги прегледа достапните документи, а разговараше и со тогашната стечајна управничка Ангелина Гогушева. Според сознанијата на нашите правници, стечајната постапка, барем формално-правно, е водена според законските процедури и нормативи и тука не може многу што да се стори. Особено со оглед на фактот дека НИП „Нова Македонија“, како ликвидирана фирма, нема правен наследник, а стечајнта управничка го заврши својот дел од работата со уплатата на последната рата од ПУИГ за големата зграда на НИП-от.

Без оглед на ова, останува горчливиот вкус на заклучокот дека на крајот од стечајната постапка многу поважна излезе главната недвижност на Ку́ката, односно токму зградата во центарот на Скопје, во која сега се сместени голем дел од владините министерства и државни институции, а дека многу помалку се водеше сметка за вистинските брендови на НИП-от. Само за потсетување, освен издавачко-новинска, НИП „Нова Македонија“, со своите преку 400 трафики, беше практично и претпријатие со најголема квадратура на трговски простор во Македонија. Имаше свои згради и надвор од Републиката (Белград и Загреб) за чија судбина никогаш не се дозна, а остана нетранспарентно и тоа што се случи со зимското одмаралиште во Маврово, исто така во сопственост на НИП-от.

Што се однесува до брендовите, се уште излегуваат „Нова Македонија“ и „Вечер“, кои се во приватна сопственост, додека на пазарот одамна ги нема неделниците „Пулс“, „Екран“ и „Котелец“, како и весниците на малцинствата „Флака“ и „Бирлик“. „Детска радост“, која своевремено беше издавачки гигант, ако може така да се каже, го задржа својот ентитет во рамките на „Просветно дело“, но неговите препознатливи изданија, весниците „Росица“, „Другарче“ и „Наш свет“ исто така одамна не излегуваат. „Радио Но-Ма“ згасна по силата на законот (новински издавач не смее да поседува електронски медиум – законски норматив што изгледа го испочитува само НИП „Нова Македонија“).

Библиотеката на НИП-от заврши во Градската библиотека „Бра́ќа Миладиновци“, а богатата и извонредно вредна фото-документација исчезна во непознат правец.

Стечајот и ликвидацијата на НИП „Нова Македонија“уследија по неуспешната контроверзна продажба на фирмата на словенечки „Југ сторитве“.

Оваа купопродажба имаше судска разрешница, при што судски пресуди добија членови на тогашното раководство, како и тогашниот министер за стопанство. Од она што во процесот на стечајната постапка, по силата на приликите, беше прилично видливо, ќе споменеме дека тогашната Инвестициона и кредитна банка (некогашната ЈИК, а сегашната Халбанк) успеа да ја реализира својата хипотека и да влезе во посед на таканаречената мала зграда на НИП „Нова Македонија“, своето . Печатницата ја откупи словеначки „Цетис“, а подоцна Бојо Андрески, сегашниот сопственик на весникот „Вечер“, кој во просториите на печатницата го смести својот Европски универзитет. Остана нејасно каде и како заврши богатиот возен парк на Кућата (камиони, комбиња и сите видови лесни возила), а една од најдолгите стечајнаи постапки во историјата на Македонија официјално се оконча со продажбата на големата зграда на НИП „Нова Македонија“, што во името на Владата на Република Македонија ја откупи ПУИГ.

Некако излезе дека сите беа намирени, среќни и задоволни, освен, се разбира, вработените, без чиј труд НИП-от и ќе немаше толку вреден имот и на кои, јасно, и денес им се должат заработените пари.

**Ѕвездан Георгиевски**

**Остана нејасно каде и како заврши богатиот возен парк на Кућата (камиони, комбиња и сите видови лесни возила), а една од најдолгите стечајни постапки во историјата на Македонија официјално се оконча со продажбата на големата зграда на НИП „Нова Македонија“, што во името на Владата на Република Македонија ја откупи ПУИГ.**

---

## ССНМ

**на социјалните мрежи:**

За да бидеме во контакт со членовите ССНМ на **Face-book** има и своја група. На неа може да се дискутира и да се споделуваат информации. Придружете ни се. тука:

JOIN US ON facebook

## Годишно собрание на ЕФН во Бергамо, Италија

# Донесени декаларации за заштита на правата на медиумските работници

На годишното собрание на Европската федерација на новинари (ЕФН), кое се одржа во јуни во италијанскиот град Бергамо, беа донесени 17 декларации, а најзначајните се однесуваа на заштитата на работничките права во време на економска криза и на заштитата на безбедноста на новинарите.

Собранието пред сé ја разгледуваше состојбата во медиумите кои се тешко погодени од светската економска криза. Притоа било истакнато дека во најлоша положба се новинарите во Грција кои заради јавниот долг се доведени во незавидна економска и социјална положба.

Делегатите во Собранието ги повикаа надлежните на почитување на колективните договори и се заложија за борба против натамошно влошување на положбата на вработените во медиумите. Било констатирано дека сопствениците и раководните структури на повеќето медиумски куќи ја злоупотребиле ризата како изговор за, во уште поголема мера, да ги намалат правата на работниците.

Како посебна опасност по медиумите, највиското тело на ЕФН го детектира интернационалното поврзување на капиталот чие учество во сопственииштвото во изминатиов период е значајно зголемено. Како инструмент за справување со оваа појава, се посочи на идејата за меѓународни колективни договори.

Значајно внимание во наредниот период, ЕФН ќе им посвети на соработката со Меѓународната организација на трудот (МОР) која ја гледа како природен сојузник во борбата за заштита и проширување на пакетот за заштита на правата на вработените.



Собранието во Бергамо донесе 17 декларации со кои ќе се штитат правата на работниците

ЕФН апелира и на заштитата на авторските права, како и правата на фри-ленсерите и хонорарните соработнци, во согласност со позитивните прописи и европската пракса.

# Бесплатна правна помош




Самостојниот Синдикат на новинари и медиумски работници на Македонија како дел од проектот ЛОТКО на Меѓународната федерација на новинари воведе можност, која секако ќе им биде добредојдена и на колегите кои не се наши членови. За секој проблем кој е поврзан со работното место, отказ, закана или дилема, а имате потреба од правен совет, можете да го добиете во ССНМ. Правник, кој е ангажиран од страна на ССНМ ќе ве посоветува и ќе ви даде насоки како понатаму да се справите со ситуацијата во која сте се нашле.

Ова е потсетување и до членовите на ССНМ дека со редовното плаќање членарина, покрај бесплатната правна помош, добиваат и застапување пред Суд во случај на кршење на правата од работен однос.

Ова имајте го во предвид, бидејќи работодавачите сосема поинаку се однесуваат кон неорганизираните работници, отколку кон оние кои се членови на својот синдикат. Повеќе за тоа како се станува член и за Правилникот за правна помош на нашата веб страна ssnm.org.mk

ССНМ Заедно сме посилни
Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници Членка на IFJ

**Автор и уредник Зоран Г. Маџоски**

**ССНМ тел: 02 267 12 01/ 075 353 353**
**Бул Мито Хаџивасилев Јасмин 22/17**
ssnm.info@gmail.com
contact@ssnm.org.mk

**Оваа публикација е помогната од Меѓународната Федерација на новинари (IFJ) преку проектот LOTCO 2012.**